# ЗАКОН
# ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

("Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07 и 123/12)

-неофицијален пречистен текст-

## Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

### Член 2

(1) Комуналните такси се плаќаат според Тарифата за комунални такси што е составен дел на овој закон.

(2) Висината на комуналните такси од ставот (1) на овој член, во рамките утврдени со Тарифата, со одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје.

## Предмет на оданочување

### Член 3

(1) Комуналните такси се плаќаат за:

1) секоја фирма, односно назив на деловна просторија;

2) користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;

3) користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

4) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;

5) користење на музика во јавните локали;

6) поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;

7) користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;8) користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

9) користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и

10) користење и одржување на јавно осветлување.

(2) Под јавни локали, во смисла на ставот (1) точка 5 на овој член, се подразбираат угостителските објекти (кафеани, гостилници и слично) и нивните истурени деловни места (бавчи, тераси и слично).

(3) Под корисник на јавно осветлување од ставот (1) точка 10 на овој член се подразбира секој имател на броило од категоријата "домаќинство" и секој имател на броило од категоријата "останата потрошувачка".

**Обврзник на комунална такса**

**Член 4**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

**Определување на висината на комуналната такса**

**Член 5**

(1) Комуналните такси се утврдуваат во еднаква висина за сите обврзници кои вршат иста дејност или занимање, односно за сите обврзници од иста категорија.

(2) Висината на комуналната такса не може да се определува според вредноста на предметот, извршениот промет или остварениот приход.

(3) Комуналната такса за фирма, односно назив од членот 3 став 1 точка 1 на овој закон се утврдува различно по видови дејности.

(4) Комуналните такси од членот 3 став (1) точки 2, 3 и 6 на овој закон се утврдуваат по метар квадратен корисна површина.

(5) Комуналната такса за користење на просторот за паркирање од членот 3 став (1) точка 8 од овој закон се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање.

**Ослободувања од плаќање на комунални такси**

**Член 6**

(1) Комунална такса не се плаќа за:

1) фирма на државни органи, на органи на општината, на органи на општините во градот Скопје и на органи на градот Скопје, јавни установи, јавни претпријатија и непрофитни организации;

2) користење на предмети, услуги и земјиште од страна на воени единици и установи;

3) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места кои се однесуваат на работите од надлежност на државните органи, на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите на градот

Скопје, како и на дејноста на јавните установи, јавните претпријатија и непрофитните организации;

4) поставување на витрини што се наоѓаат во деловните згради или на саемите;

5) фирма, односно назив на деловните простории во пасивните населени места со изразена миграција и

6) фирма на вршителите на дефицитарни занимања и занаети во изумирање.

(2) Се ослободуваат од плаќање на комунална такса од членот 3 став (1) точка 10 на овој закон имателите на броила за мерење на електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување.

(3) Пасивните населените места од ставот (1) точка 5, дефицитарните занимања и занаетите во умирање од ставот 1 точка 6 и населените места каде нема јавно осветлување од ставот (2) на овој член ги определува со одлука советот на општината, советот на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје.

## Утврдување и наплата на комуналната такса

### Член 7

Обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

### Член 8

(1) Правото на утврдување и наплата на комуналните такси застарува за две години по истекот на годината во која требало да се изврши утврдувањето на таксата, односно да се наплати таксата.

(2) Правото на враќање на повеќе наплатена комунална такса застарува за две години по истекот на годината во која таксата била платена.

### Член 9

(1) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје на обврзникот на комунална такса му издаваат решение за висината на комуналната такса.

(2) Наплатата на комуналните такси од членот 3 на овој закон за користење на површините во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, за користење на простор за паркирање на моторни возила и нивните приколки, моторцикли, мотори и велосипеди, за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и за користење и одржување на јавното осветлување се врши без издавање на решение во рамките на износот утврден во Тарифата на комуналните такси.

**Член 10**

(1) Комуналните такси се плаќаат во годишен износ или сразмерно за времето на користењето на правата, предметите или услугите.

(2) Комуналните такси од членот 3 став (1) точки 1, 5, 6 и 9 на овој закон се плаќаат во годишен износ, а ако се утврдуваат за време пократко од една година се плаќаат полугодишно, односно најмалку тримесечно, додека комуналните такси од членот 3 точки 2, 4, 7 и 8 на овој закон се плаќаат сразмерно на времето на користењето на правата, предметите или услугите.

(3) Комуналната такса од членот 3 став (1) точка 3 се плаќа дневно.

(4) Комуналната такса од член 3 став (1) точка 10 на овој закон се плаќа месечно.

**Член 11**

(1) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје според податоците од состојбата на 1 јануари секоја година за секој обврзник одделно со решение го утврдува износот на таксата што треба да се плати.

(2) Обврзниците на комуналната такса од ставот (1) на овој член се должни таксата да ја платат во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението.

**Член 12**

(1) Ако во текот на годината настане обврска за плаќање на комуналната такса од членот 11 на овој закон, или настанат промени кои доведуваат до плаќање такса во поголем или помал износ, обврзникот на таксата е должен во рок од 15 дена од денот на настанатата обврска или настанатата промена за тоа да поднесе пријава до општинската администрација, до администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје.

(2) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје со решение ќе ја утврдат висината на таксата во годишен износ и ќе го задолжат обврзникот да ја плати таксата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

(3) Обврзникот на комуналната такса кој не ќе поднесе навреме пријава според ставот (1) на овој член, ќе се задолжи, покрај со редовната такса, со зголемена такса од 30%.

**Член 13**

(1) Обврзниците на таксата од членот 3 став (1) точка 5 на овој закон се должни настанувањето на таксената обврска да го пријават на општинската администрација, на администрацијата на општините во градот Скопје и на администрацијата на градот Скопје, во рок од пет дена од денот на приемот на одобрението за користење на музика.

(2) Врз основа на пријавата од ставот (1) на овој член, се утврдува висината на таксата за времето за кое е одобрено користењето на музика, за што му се доставува решение на обврзникот.

(3) Ако таксата се однесува за време пократко од еден месец, обврзникот е должен веднаш да ја уплати. Ако се однесува за повеќе месеци, таа се плаќа во еднакви месечни рати и тоа однапред, а најдоцна до 5 во месецот за тековниот месец.

**Член 14**

(1) Таксата од членот 3 точка 4 на овој закон се пресметува врз основа на пријавата на обврзникот, која се поднесува пред истакнувањето на рекламата, објавата односно огласот.

(2) Таксата од ставот (1) на овој член се плаќа веднаш.

**Член 15**

Начинот на користењето на средствата од комуналната такса, што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување се уредува со акт на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

**Член 16**

Во поглед на утврдувањето и наплатата на комуналните такси, инспекцискиот надзор над наплатата на комуналните такси, како и за надзорот над работата на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите на градот Скопје, одлагање на извршувањето, жалбената постапка, каматата, присилната наплата, враќањето на повеќе или погрешно уплатената такса се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.

**Надзор**

**Член 17**

Надзор над примената на овој закон и над прописите донесени врз основа на него врши Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

**Прекршочни одредби**

**Член 18**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на правното лице, ако:

1) не го плати утврдениот износ на таксата во пропишаниот рок (членови 11 став (2) и 13 став (3)) и

2) не поднесе пријава до општинската администрација, до администрацијата на општините во градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје, за настанатата таксена обврска (членови 12 став (1) и 13 став (1)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на лице кое самостојно врши дејност за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на граѓанинот за прекршоците од став (1) на овој член.

**Член 19**

Наплатените парични казни од членот 18 на овој закон се приход на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје согласно со закон.

**Член 20**

Комуналните такси се плаќаат според следнава :

| **ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ** | износ во денари |
|---|---|
| Тарифен број 1 | |
| За фирма, односно назив на: | |
| а) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност | од 1.300 до 2.700 |
| б) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност а данокот го плаќаат во паушален износ | од 350 до 700 |
| в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000 | од 4.000 до 8000 |
| - деловни простории на правни лица од комуналните дејности | од 2.000 до 4.000 |

| | |
|---|---|
| - деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено | од 2.000 до 4.000 |

Тарифен број 2

| | |
|---|---|
| За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно | од 20 до 40 |

Наплатата на таксата ја вршат угостителските, туристичките и други правни лица, другите даватели на угостителски и туристички услуги, физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност.

Давателите на услуги, наплатената такса ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Тарифен број 3

| | |
|---|---|
| За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од $м^2$ дневно | од 5 до 15 |

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

| | |
|---|---|
| - до седум дена | од 400 до 800 |
| - до 30 дена | од 700 до 1.300 |
| - до една година | од 800 до 1.600 |

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали-годишно од 3.300 до 6.700

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност од 700 до 1.300
- за правните лица од областа на производството, прометот и услугите од 1.300 до 2.700

Тарифен број 7

За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност се плаќа такса за заземена површина од $м^2$ дневно од 3 до 7 денари.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје, односно за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплаќа комунална такса во висина од 10% до 20% од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање.

Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг - плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика од 30 до 70
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика од 50 до 100
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика од 70 до 130
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика од 200 до 400
- за патнички возила над 1800 кубика од 300 до 600
- за товарни возила по тон носивост од 70 до 130
- за автобуси и други возила што служат за

превоз на патници од 350 до 700
- за специјални возила од 30 до 70
- за сите видови моторцикли од 30 до 70

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Тарифен број 10

(1) За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачи и тоа:

-0,4KV (домаќинства) по 25KW/h

-0,4KV (објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50KW/h

-10 KV по 100 KW/h

-35 KV по 150 KW/h

-110KV по 300 KW/h

по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

(2) Уплатата на средствата од став (1) на овој тарифен број за општините во градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата и градот Скопје се врши според надлежноста за одржување на јавното осветлување во определен процентуален соодност утврден со Законот за градот Скопје.

(3) Наплатата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

## Преодни и завршни одредби

### Член 21

Со денот на отпочнување на примената на овој закон престанува да важи Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/72, 39/77, 42/80, 51/88, 11/91, 28/91, 34/92, 4/93, 17/93, 45/93, 33/95 и 71/96).

### Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на конституирањето на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје по спроведувањето на првите наредни локални избори согласно со Законот за

локалните избори ("Службен Весник на Република Македонија " бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).

**Член 4**

("Службен Весник на Република Македонија " бр.92/2007)

До утврдување на процентуалниот сооднос во Законот за градот Скопје, уплатата на средствата од членот 20 тарифен број 10 став (1) од овој закон ќе се врши во следниов процентуален сооднос:

| % за општина | | % за градот Скопје |
|---|---|---|
| Аеродром | 60% | 40% |
| Бутел | 70% | 30% |
| Гази Баба | 75% | 25% |
| Ѓорче Петров | 75% | 25% |
| Карпош | 60% | 40% |
| Кисела Вода | 70% | 30% |
| Сарај | 85% | 15% |
| Центар | 40% | 60% |
| Чаир | 70% | 30% |
| Шуто Оризари | 90% | 10% |

Обврските што произлегуваат од должничко-доверителските односи меѓу градот Скопје и трговското друштво од членот 20 тарифен број 10 став (3) на овој закон настанати по основ на неплатена електрична енергија за осветлување на магистралните и собирните улици на подрачјето на градот Скопје ќе ги надоместат општините во градот Скопје од приходот по основ на такса за улично осветлување префрлени на сметка на општините во градот Скопје во периодот од 1 јули 2005 до денот на влегувањето во сила на овој закон.